Република Северна Македонија

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-686/2

20-09-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 686/1 од 12.09.2023 година, поднесена од Адвокат [redacted] со седиште во Скопје на адреса [redacted] локал 1 за извршена дискриминација од страна на [redacted] сопственик на [redacted] Скопје со седиште на адреса [redacted], Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 20.09.2023 години, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

СЕ ОТФРЛА претставката бр. 08 – 686/1 од 12.09.2023 година, поднесена од Адвокат [redacted] ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.

## О б р а з л о ж е н и е

На 12.09.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на од Адвокат [redacted] со седиште во Скопје на адреса [redacted] локал 1 за извршена дискриминација од страна на [redacted] сопственик на [redacted] Скопје со седиште во Скопје на адреса [redacted]

Имено, подносителот во претставката наведува дека лицата [redacted] вработени во фирмата [redacted] Скопје биле нападнати и навредувани од лицето [redacted], сопственик на [redacted] Скопје.

Од нападот со лесни телесни повреди се стекнало лицето [redacted] додека од случката со психички последици завршиле лицата [redacted].

После разгледувањето на списите од предметот Комисијата одлучи дека постапувањето по адресираниот проблем не спаѓа во рамките на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) дискриминацијата се дефинира како *„секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други."*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација наоѓа дека во конкретниот случај се работи за дејствие со обележја на кривично правен настан, поради што упатува на соодветна кривична постапка пред надлежен суд.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација своите надлежности ги црпи од Законот за спречување и заштита од дискриминација, па затоа одлучи да не постапува по претставката, како што е наведено во диспозитивот.

Член - известител на Комисијата: г-дин Лимко Бејароски

Скопје,
20.09.2023

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]